# 41. Прљакooj

**Прљакooj** се **нов** род во Лешок, кои се доселени од Теарце. Домашна слава им е **Митровден**. Куќата им беше на Бања. Јас го знам дедо Трпе-Прљак и неговиот внук Борис Тасевски -Прље, кој е син на Рајна, втора ќерка на Трпе, која млада починува и Борис, го гледа баба Трпејца (Перса).
Борис подоцна се преселија во Ново село, кај Ѓорче Петров, а куќата му ја продадоа на Никче Сољовски од родот Момирooj, во која, денес, живее синот Борче, кој работеше во странство.
Од родот Прљакooj е Ананија Јанче Тасевски, кој загинува во Илинденското востание. Ананија е брат на Трпе-Прљак. Види, ( Р. бр. 17, стр.13-16 и стр. 47-49). http://spiroski.com.mk/
Борис Тасевски е Генерација со сестра ми Милица Спироска. ( Р. бр. 12 и 14, стр. 61-63 ).
Во книгата Лешок, од И. Петрушевски, (Р. бр. 8, стр.94 и 95 и стр.311), има грешки и благодарение на Перо Костадиновски, направивме комплетно фамилијарно стебло на Прљакooj. Имено, во месец октомври 2025 година стапив во телефонски контакт со Петре ( Перо) Костадиновски, син на Васка, третата ќерка на дедо Трпе. Благодарение на Петре го научив и запишав семејното стебло за Борис Михајловски, како и за семејството на третата ќерка Васка.
Значи, Трпе и Перса имале пет деца: 1. Боце, 2.Рајна, 3. Васка, 4. Симка и 5. Љубица.
Боце млад починува, Рајна со мажот Микље го имале само синот Борис, но, и Рајна млада починала и Борче го догледаа дедо Трпе и баба Трпејца. Јас ги знам дедо Трпе и баба Трпејца и внукот Борче.
Борче со сопругата Олга имаат три деца: 1. Сашо, 2. Љупче и 3. Рајна. Сашо работи во Германија и има син Христијан и ќерка Софија, Љупче работи во АРМ, има син Оливер и ќерка Сара и Рајна работи во Германија и има ќерка Тамара и син Бобан.
Денес, 9.10.2025 год. Борис е болен од деменција и лежи во постела, ми рече Мира, ќерката на Љубица, која е мажена во Јелошник, а живее во Влае, Скопје, а ова ми го рече и синот Љупче.
Васка имала 6 деца и 15 внуци и тоа: 1. Илинка, 2. Косто, 3. Петре, 4. Ристо, 5 Владо и 6. Слободанка. Илинка има три деца(Ленче, Митко и Душко), Косто, две ( Светлана и Валентина), Петре, две (Габриела и Бојан + ), Ристо, две (Далибор и Даниел), Владо, четири деца (Александар, Никола, Христијан и Давид) и Слободанка две деца:(Христијан и Анѓелко +).Симка има три деца: 1. Марица, 2. Никуш и 3. Јованче и Љубица има четир:и деца: 1. Драго, 2. Мира, 3. Босилка и 4. Перо.
Му благодариме на Љубиша (Љупче), синот на Борис, на љубезноста и податоците кои ни ги даде и кој, денес, 19.10.2025, по Вибер ми испрати фотографии на Борис и синовите Љубиша и Сашо.
Подолу внесов портрет на ученикот Борче Прље, од учебната 1951/52, во Школото во Лешок, кој учеше заедно со сестра ми Милица. Види, ( Р. бр. 25, стр.23 и 24).
Повеќе за Прљакooj, Види, ( Р. бр. 7, стр. 95, Р. бр. 8, стр. 94 и 95 и стр. 311, Р. бр. 17, стр.13 -18, стр. 47 – 49 , Р. бр. 12 и 14, стр. 61- 63 и Р. бр. 18, стр. 199-200 ). http://spiroski.com.mk/
**в. Речник,** (Р.бр.18,стр.24,199-200,211, 222, 223,228 ),**Бања, Прљакooj, род, Скукooj, слава, Сољooj,**

|  |  |  |  | |
|---|---|---|---|---|
| Борче | Борис | Љубиша | Сашо | |

# 42. Прнџooj

**Прнџooj** се **нов** род во Лешок и се доселуваат неколку лица од Варвара. Родот Прнџooj се староседелци во Варвара. Слава им е **Св. Архангел Михаел (Аранѓел)**.

Од родот Прнџооj од Варвара **прв** во Лешок се пресели Стеван Блажевски во Долно маало. Имено, во 1975 година Стеван Тевдов од Прнџооj од Варвара ја купил куќата од Богдан Маткин.
Стеван има син Анѓеле и ќерка Борка. Анѓеле Блажевски има син Сашо и ќерка Сашка. Анѓеле почина 2026 и во куќата живее синот Сашо и нивното семејство.
Во Варвара го познавам и Митко Тевдов Блажевски – Прнџо, по кого кумот Косте со кумата од Слатина ми го дале моето име Митко, бидејќи Митко -Прнџо од Варвара многу убаво пеел (*поел*), па, и Јас, убаво да пеам. Лично го знам Драго Блажевски, син на Стеван Прнџо, има две ќерки Верица и Бранка е многу присатен во Варвара. за Митко Блажевски ( 1927-2008) од Прнџооj од Варвара напишав мала биографија. (Р. бр. 25, стр. 142-143).
Во родот Дабоќеej *) во Тенеќе маало во Лешок, ( Род Дабоќеej – Р. бр. 13 ), дошол за домазет и Тоде Мисајлов од родот Прнџооj од Варвара, кој има два сина Ѓоре и Косте Мисајловски, кои лично ги знам, како и нивните деца, а ние гиословувавме како Цветанооj.
Од родот Дабоќеej во 1913 година загинал Ристо Цветан Војновски во местото Шаркој ( Sarkoy ) во битката кај Едрене во Првата балканска војна. ( Р. бр. 8, стр. 54, Р. бр. 17, стр. 16-24 и 47- 49, и Р. бр. 25, стр. 25, стр. 142). http://spiroski.com.mk/
Во Лешок во Тенеќе маало се доселени и браќата Бранко и Ќирко, кои се синови на Анѓелко Ристов Блажевски од Прнџооj од Варвара, а подоцна се преселуваат во Бризбејн, Австралија, кои ги поканил нивниот чичко Борис Блажевски Прнџо, кој прв се отселил во Бризбејн, Австралија.
Душан Бранков Ристовски, во 2019 год. дојде во Лешок, се видовме во Лешочкиот манастир и му го покажавме Споменикот, во кој е исклесан и Петко, брат на дедо му Анѓелко од родот Прнџооj од Варвара. Душан Ристовски со сопругата Хелен живеат во Бризбејн и имаат ќерка Деана и син Роберт. Душан има две внучиња.
Од родот Прнџои погинат е Петко Ристо Блажевски, во 1943 год. во Гевгелија. Види, ( Р. бр. 1, стр. 152-157, Р. бр. 8, стр.97 и 314, Р. бр. 17, стр. 32-36, 47-49 и 82 и Р. бр. 25, стр. 187-188 ).
**в. Речник,**(Р.бр.18,стр.37-38,61,189,200,211,231),**Варвара, Дабоќеej, поем,Прнџооj, род, Споменик,**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  | |
| Митко + | Ангеле + | Драго + | Душан | Деана | Роберт | Саше | |

# 43. Ранчани

**Ранчани** се лица од повеќе родови доселени во 1948/49 во Лешок по Граѓанската војна во Грција и потекнуваат од селото Ранци, Каљарско, Егејска Македонија. Во Лешок биле сместени во 17 куќи, стопанството, Манастирот и др. од над 25 многучлени семејства, од кои и со над 10 лица од Ранци и тоа: Бојаровски ( Ризо, Косто, Мичо, Трпче и Ангел), Геговски ( Ставре и Димитар), Биковски (Павле и Косто), Ризовски (Томо и Мичо ), Костовски Илија, Трендагилов ( Ахил и Мичо), Карапеов Димче, Тошевски ( Стево, Васко и Миќо), Делевски Тачко, Чавдаров Коста, Јанковски Никола, Заркадов Димитар, Котевски Стево, Караташев Ноли, Попот Костадин. Децата учеа во Школото во Лешок. По некоја година беа разместени во Тетово, Скопје, Прилеп, Штип и др. места. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148-157, во ТОМ-1 и Р. бр. 8, стр.126-133). http://spiroski.com.mk/
Од доселените Ранчани имаше повеќе семејства, а јас би ги споменал: Ангел Бојаровски со синовите Џоџо, Ристо, Илија и Бранко, кои по неколку години изградија куќи во Лешок, потоа, Тошевски Стево со двата сина Методија и Стојче и ќерката Елица. Методија Тошевски, економист,